Association for Democratic Initiatives

NGO IN SPECIAL CONSULTATIVE STATUS WITH THE ECOSOC OF THE UN

## Упатство за оценување и избор на понудувач за обезбедување на услуги – експерти

За потребите на проектот „Рамноправноста низ призма на статистиката“, спроведен е повик за обезбедување на услуги - експерти.

Постапката за избор на понудувачи се одвива според Договорот за грант, во согласност со принципите за набавка на услуги.

Утврдено е дека најповолните понудувачи потребно е да се изберат според следниве критериуми:

- **Квалитет ................................. 80 бодови**
- **Цена ....................................... 20 бодови**

Документацијата која се поднесува во копија треба да е заверена од добавувачот со печат и потпис од одговорното лице, со назнака „Верно на оргиналот“.
Понудата се доставува во затворен коверт до архивата на Здружението Асоцијација за демократска иницијатива – АДИ (бул. Браќа Ѓиноски бр. 61, 1230 Гостивар). На надворешната страна на ковертот наведете: ,,За тендер Реф. Бр. 0507-151 “ позицијата за која аплицирате, експерт, и текстот "Да не се отвора пред сесијата за евалуација”. Документите во понудата доставени по е-пошта треба да се скенирани и со печат и потпис од одговорното лице. Во случај на доставување на понудата по електронски пат, целокупната скенирана докуменација се доставува на следната е-пошта: anastasija@adi.org.mk

Краен рок на доставување на понудите е 14 дена од објавување на повикот, но не подоцна од 02.05.2023 **година до 16:00 часот**. Сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени. Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.

**Забелешка:* Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки, даноци и такси, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Оттаму, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да бидат прифатени.

1. Понудата доставена од **физички лица** треба да ги содржи следниве информации:

- Прилог 1. Кратка биографија;
- Прилог 2. Пропратно писмо со краток опис за мотивот за пријавување;
- Прилог 3. Предлог методологија на работа
- Прилог 4. Изјава за ексклузивност и достапност;
- Прилог 5. Образец за финансиска понуда

**Дополнителни прилози:** Најмалку два труда/анализи од слични работни ангажмани на

експертот.

2. Понудата доставена од **правни лица** треба да ги содржи следниве информации:

- Тековна состојба на добавувачот не постара од 6 месеци;
- Кратка биографија на двајца експерти (Прилог 1);
- Понудена методологија (Прилог 2);
- Потпишана изјава за ексклузивност и достапност (Прилог 3).
- Финансиска понуда (Прилог 4);
- Преглед на реализирани услуги (Прилог 5);
- Предложени експерти (Прилог 6);
- Потпишана изјава за непостоење на услови за исклучување на добавувач (документ во прилог, прилог 7);

**Дополнителни прилози:** Најмалку два труда/анализи од слични работни ангажмани на предложените експерти или правното лице..

Врз основа на тоа се изработени следниве критериуми за оценување:

| **Квалитативна и финансиска евалуација** | **Максимум можни бодови** |
|---|---:|
| Биографија на експертот | 30 |
| Предлог методологија | 20 |
| Искуство на слични задачи/ трудови и анализи | 30 |
| Финансиска евалуација | 20 |
| **Вкупно бодови за квалитативна и финансиска евалуација** | **100** |

Понудувачите чија понуда ќе има остварено највисок број на бодови, односно ќе понудат најповолна понуда ќе бидат избрани како добавувачи на услугите.